**Р.**

**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ** д-р Лазар Нанев, одлучувајќи по барањето за определување на минимални средства за вршење на дејности и задачи на должникот односно парични средства кои ќе бидат изземени од извршување насловено како барање за изземање од извршување, поднесено од должникот јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми МАКЕДОНСКИ ШУМИ П.О Скопје, по предметот И.бр.387/23 година на Извршителот Ангел Костадиновски од Кавадарци согласно чл.218 од Законот за извршување, на ден 29.06.2023 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето за опреденување на минимални средства за вршење на дејности и задачи на должникот, односно парични средства кои ќе бидат изземени од извршување, поднесено од должникот Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми МАКЕДОНСКИ ШУМИ П.О Скопје, Претседателот на судот да определи минимални парични средства кои се неспходни за вршење на дејсноста и задачите на должникот согласно преложениот вешт наод и мислење, како неопходни месечни средства кои треба да ги има должникот заради нормално функционирање по Налогот за извршување од сметка на должникот И.бр.387/23 од 08.06.2023 година на извршител Ангел Костадиновски,**СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО**.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Претседателот на Основен суд Кавадарци, должникот Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми МАКЕДОНСКИ ШУМИ П.О Скопје, поднесе барање за определување на минимални средства за вршење на дејности и задачи на должникот, односно парични средства кои ќе бидат изземени од извршување, насловено како барање за изземање од извршување, во кое наведе дека, врз основа на финансиско вештачење за 2021 година изготвено до страна на Бирото за судски вештачења Скопје преку вешто лице м-р од економски науки Орце Миладиноски, па врз основа на чл.218 ст.2 од Законот за извршување должникот побара да се определат минимум средства неопходни за извршување на основната дејност на должникот Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми МАКЕДОНСКИ ШУМИ П.О Скопје, во износ од 102.823.572,00 денари месечно кои потребно е да бидат изземени од извршување од транксационите сметки да должникот кај носителите на платниот промет. Дополнително до судот достави вештачње и за тековната 2022 година , согласно кое вештачење минимум средствата неопходни за функционирање изнесуваат 113.526.665,00 денари.

Барањето за изземање на извршување на минимум средства неопходни за извршување е доставено на одговор до извршителот и доверителот, од кои одговор достави извршителот и доверителот.

Во одговор на барањето за изземање на извршување на минимални средства за вршење дејности и задачи, извршителот наведува дека барањето на должникот е неосновано од причина што доставеното вештачење за приходи и расходи за должникот било за 2021 година, а не за 2022 година, така што реалната состојба би можело да не е иста.

Истакнува дека од вештачењето било видно дека вкупните приходи биле во износ од 1.571.107.496,00 денари, а расходите биле во износ од 1.444.463.041,00 денари , така што разликата помеѓу вкупните приходи и расходи

била 126.644.455,00 денари повеќе во делот на приходите. Побарувањето на доверителот согласно изготвениот налог за извршување заедно со адвокатските трошоци и извршни трооци било во износ од 72.904,00 денари, така што согласно вкупните пресметки за вкупни приходи и расходи од тековното работење на должникот извршувањето според овој налог на износ од 72.904,00 денари воопшто не би требало да влијае или пак да го загрози финансовото работење на должникот.Поради тоа и предлага барањето за иземање од извршување на должникот да биде одбиено како неосновано.

2

Во одговор на барањето за определување на минимални средства за вршење дејности и задачи доверителот преку неговиот полномошник наведува дека не се точни наводите изнесени од страна на должникот и неосновано е неговото барање од причина што должникот во прилог на барањето доставил финансово вештачење за финансовата 2021 година од кое судот неможел да ги утврди резултатите од работењето. Наведува дека од доставеното финансово вештачење се утврдило дека приходите на должникот биле многу повисоки од обврската што ја имал спрема доверителот, што го прави самото барање за определување на минимум средства во целост неосновано.

По однос на дополнително доставеното вештачење за тековната 2022 година,истакнува дека истото не треба да се земе во предвид при одлучувањето бидејќи е доставено после поднесувањето на барањето , а не со барањето.

Предлага барањето за иземање од извршување да се одбие како неосновано.

Постапувајќи по барањето за определување на минимални средства за вршење на дејноста и задачи поднесено од должникот, Претседателo на судот изврши увид во одговорот на барањето за определување на минимални средства за извршување на дејноста и здачите на должникот, односно парични средства кој ќе бидат иземени од извршување, од извршителот и од доверителот , во наодот и мислење СВ IV-107/22 од 14.06.2022 година на вешто лице м-р екк.науки Орце Миладиновски , во налог за извршување И.бр.387/23 од 08.06.2023 година на извршител Ангел Костадиновски од Кавадарци, во решение ППНИ бр.524/22 од 19.09.2022 година на Основен граѓански суд Скопје, во пресуда Ро бр.18/23 од 15.05.2023 година на Основен суд Кавадарци, во налог за извршување И.бр.391/23 од 08.06.2023 година, во наод и мислење СВ IV-20/23 од 21.02.2023 година , па најде дека:

Барањето за определување на минимални средства за извршување на дејноста и задачите на должникот, односно парични средства кои ќе бидат иземени од извршување, поднесено од должникот е неосновано.

Врз основа на извршна исправа-Пресуда РО-18/23 од 15.05.2023 година на Основен суд Кавадарци, а по барање за спроведување на извршување од доверителот Драги Ристовски од Кавадарци, против должникот Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми МАКЕДОНСКИ ШУМИ П.О Скопје, Извршителот Ангел Костадиновски од Кавадарци издал Налот за извршување од сметка на должникот врз основа на чл.210 ст.1 од Законот за извршување од И.бр.387/23 од 08.06.2023 година, заради наплата на парично побарување врз основа на извршна исправа на име главен долг за несплатена бонус плата за прекувремено работење во износ од 31.859,00 денари.

Согласно издадениот налог за извршување на извршителот Ангел Костадиновски И.бр.387/23 од 08.06.2023 година вкупното побарување на име главен долг изршни трошоци и трошоци на постапката се во вкупен износ од 80.022,00 денари.

Согласно чл.218 ст.1 од ЗИ „Врз предмети и права на РМ и нејзините органи, единици на локалната самоуправа и јавните предпријатија не може да се спроведе извршување за наплата на парични побарувања, доколку тие се неопходни за вршење на нивната дејност, односно задачи“.

Согласно став 2 од истиот член „Кои предмети и права се неопходни за вршење на дејноста на должникот ќе определи Претседателот на судот на чие подрачје се спроведува извршното дејствие“.

Од приложените вештачења и тоа наод и мислење СВ IV-107/22 од 14.06.2022 година, на Бирото за судски вештачења при Министерството за правда на РСМ, ирработен од обвластен судски вештак М-р екк. науки Орце Миладиноски од Скопје, вештото лице ги утврдило минималните месечни трошоци неопходни за нормалното функционирање на должникот. Од погоре приложениот вешт наод на вештото лице се утврди дека, потребните месечни парични средства за нормално извршување на дејноста на должникот Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми МАКЕДОНСКИ ШУМИ П.О Скопје кои се однесуваат за 2021 година изнесуваат 102.823.572,00 денари, кои средства се потребни за покритие на тековните оперативни расходи од работење на месечно ниво а од вештачењето СВ IV-20/23 од 21.02.2023 година за наредната 2022 годин овие трошоци неопходно потребни за самото претпријатие изнесуваат 113.526.665,00 денари.

Имајќи го предвид двете вештачења на Бирото за судски вештачења Министерство за правда на РСМ, изработен од обвластен судски бештак М-р екк. науки Орце Миладиноски од Скопје, Претседателот на судот, цени дека барањето за опредување на минимални средства за вршење на дејноста и задачите на должникот, односно парични средства кои ке бидат изземени од извршување, поднесено од должникот Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми МАКЕДОНСКИ ШУМИ П.О Скопје, е неосновано .

Согласно изготвените вештачења се гледа дека состојбата за неможност на спроведување на извршување према должникот е долготрајна, таа се повторува на исти начин секоја година и ваквата состојба е неизвесна до кога истата ќе трае.

Судот не може да прифати должникот наместо да ги намалува обрските истиот секоја година да ги зголемува и на тој начин да го онезвозможува редовното функционирање, оваа од причина што таквото финансиско работење директно влијае и на нарушување на финансиско економското равботење, на финансиските текови, а исто времено ги онезвоможува доверителите да ги остваруваат своите финансиски права и директно влијаат на нивната економска сосотојба.

Судот смета дека тоа што неспорно се констатира и од вештиот наод и мислење, ваквата состојба на должникот трае со години и истата е незивесна што е во спротивност и со праксата на Европскиот суд за човекови права, каде се наведува дека секоја ваква состојба подолго од една година е недозволива.

Поради ваквата состојва се оневозможува на доверители како што е во случајот доверителот Драги Ристовски да си ги наплати своите побарувања кои се по основ на неисплатени бонус плата, побарувања утврдени врз основа на правосилни судски одлуки, и која би била целта да се води спор доколку истата не се изврши.

Имено, во случајот се работи за побарување по основ на бонус плата за прекувремена работа на доверителот Драги Ристов кој бил вработен кај должникот и ова побарување согласно чл.218 од Законот за извршување, неможе

да биде иземено од извршување бидејќи ова побарување спаѓа во обезбедување на плата за вработени и со тоа се смета дека е дел од неопходни средства за функционирање на претпријатието.

Од увидот во финансовите вештачења неспорно е дека приходите на должникот се повисоки од расходите , што значи дека разликата помеѓу вкупните приходи и расходи е поголема во делот на приходите. Па со оглед дека побарувањето на доверителот е мало спрема пресметките на вкупни приходи и расходи, се смета дека ваквата наплата воопшто нема да влијае врз промена на финансовата состојба на должникот.

Со оглед на гореизнесеното Претседателот на судо смета дека поднесеното барање за иземање од извршување на должникот е неосновано и одлучи како во диспозитивот на решението.

РЕШЕНО ВО ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ, ППНИ. бр.70/2023 од 29.06.2023 година.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ
д-р Лазар Нанев с.р.

**ПОУКА:** Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 3 дена од приемот, преку овој до Апелациониот суд Скопје.

Верно со оргиналот тврди: